Medtron

# Итно известување за безбедност на терен
## Инсулински пумпи од серијата MiniMed™ Paradigm™ и MiniMed™ 508
### Прашање на безбедност на компјутерски податоци

Јуни 2019

Референтен број на Medtronic: FA875

Почитуван партнер во дистрибуција/сервисер

Го добивте ова писмо бидеќи нашата документација покажува дека Вие сте дистрибуирале инсулински пумпи на Medtronic MiniMed™ Paradigm™ или MiniMed™ 508. Бидејќи безбедноста на пациентот е наш главен приоритет, Ве известуваме за потенцијалниот ризик за безбедноста на компјутерските податоци.

**Medtronic Ве моли да ги информирате корисниците на инсулинските пумпи MiniMed™ Paradigm™ и MiniMed™ 508, кои се подложни на овој проблем за прашањето на безбедност на компјутерски податоци со помош на ова писмо.**

**Потенцијален ризик за безбедноста на компјутерски податоци:**
Инсулинските пумпи MiniMed™ Paradigm™ и MiniMed™ 508 се наменети за комуникација со други уреди, како што се апарат за мерење шеќер во крвта, предаватели на сензор за гликоза, CareLink™ USB уреди,и далечински програматори, да користат безжична радио фреквенција (RF).

Истражувачите на безбедност идентификувале потенцијални слабости за безбедноста на компјутерските податоци поврзани со овие инсулински пумпи. Постои можност неовластено лице со специјални технички способности и опрема, да испрќа RF сигнали на инсулинска пумпа во близина, за да ги промени поставките на пумпата и да го контролира доставувањето инсулин. Тоа може да доведе до хипогликемија (доколку се испорача дополнително количество инсулин) или до хипергликемија и дијабетска кетоацидоза (доколку не се испорача доволно количество инсулин).

**ВАЖНА НАПОМЕНА:** Ние не сме добиле ниту една пријава за промена на поставките или контролирање на испорака на инсулин од страна на неовластени лица.

**МЕРКИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ:**
Заради Ваша безбедност, Ви препорачуваме да ги преземете следните мерки на претпазливост:

- Чувајте ја инсулинската пумпа и уредите кои се приклучени на Вашата пумпа секогаш под Ваша контрола .
- Немојте никому да го давате серискиот број на пумпата
- Внимавајте на известувањата, алармите и предупредувањата на пумпата.
- Веднаш откажете ја секоја непланирана доза на лекот.
- Внимателно следете ги нивоата на шеќер во крвта и постапувајте соодветно.
- Не се приклучувајте на никаков уред на други лица и не користете никаков софтвер кој не е одобрен од Medtronic.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ

Medtron

- Исклучете го Вашиот CareLink™ USB уред од компјутер кога не го користите за превземање податоци од Вашата пумпа
- Веднаш побарајте медицинска помош ако почувствувате симптоми на сериозна хипогликемија или дијабетска кетоацидоза, или ако се сомневате дека поставките на Вашата инсулинска пумпа или испораката на инсулин неочекувано се сmениле.

Модели на пумпа кои **СЕ** пофложни и на овој потенцијален проблем:

| Инсулинска пумпа |
|---|
| **MiniMed™Paradigm™ 512/712 пумпи** |
| **MiniMed™Paradigm™ 515/715 пумпи** |
| **MiniMed™Paradigm™ 522/722 пумпи** |
| **MiniMed™Paradigm™Veo554/754 пумпи (софтвер 2.5 или 2.6)** |
| **MiniMed™508 пумпи** |

Овие модели на пумпи **НЕ** се подложни на овој потенцијален проблем:

| Инсулинска пумпа |
|---|
| MiniMed™ Paradigm™ Veo 554/754 **со софтвер 2.7A или со поголем број**<br><br>**За да најдете верзија на софтвер за пумпите** MiniMed™ Paradigm™ Veo 554/754 **одете на на екранот** STATUS:<br>▪ **За да го отворите екранот** STATUS , **држете го притиснато копчето ESC се додека не се појави екранот** STATUS.<br>▪ **За да видите повеќе текст на екранот** STATUS , **притискајте ја стрелката за нагоре или за надолу за да се движи текстот и да ги видите сите информации.**<br>▪ **За да излезете од екранот** STATUS, **држете го притиснато копчето** ESC **се додека не се изгуби екранот** STATUS . |
| MiniMed™640G **пумпа**<br>MiniMed™670G **пумпа** |

Надлежниот орган во Вашата земја е известен за оваа мерка.

Ние сме посветени на безбедноста на пациентот и би Ви биле благодарни ако веднаш посветите внимание на овој проблем.
Доколку имате какво било прашања или Ви е потребна помош, јавете се на Вашиот претставник на Medtronic на: + 389 2 3204 466

Лице за контакт:
Ружица Серафимовска
rserafimovska@alkaloid.com.mk

Одговорно лице за фармаковигиланца и материовигиланца:
Невена Станкова Доневска
nstankova@alkaloid.com.mk

Прилог:

- Писмо за корисникот на пумпата
- Писмо за здравствените работници